РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-273/4-2
24.01.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 13.седница одржана на 29.10.2012 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усогласување и акредитација на студиските програми по Компјутерски науки и технологии од прв и втор циклус на студии** на Факултетот за компјутерски науки и технологии – Скопје МИТ Универзитет Скопје

1. Се акредитираат усогласените студиски програми од првиот циклус тригодишни студии (180 ЕКТС) со Законот за високото образование на Факултетот за компјутерски науки и технологии на МИТ Универзитетот во Скопје и тоа:

   1. WEB програмирање;
   2. Системско инженерство ;
   3. Информациски технологии;
   4. Бизнис информатика;
   5. Системска администрација;

2. Се акредитираат усогласените студиски програми од вториот циклус двегодишни студии (120 ЕКТС) со Законот за високото образование на Факултетот за компјутерски науки и технологии на МИТ Универзитетот во Скопје и тоа:

   1. WEB програмирање;
   2. Системско инженерство ;
   3. Информациски технологии;
   4. Бизнис информатика;
   5. Системска администрација;

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за компјутерски науки и технологии – Скопје на МИТ Универзитетот по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високто образование, како и одлуката за усвојување на студиските

програми од Ректорската управа, достави елаборати до Одборот за акредитација е евалуација на ден 22.08.2012 година под број 15-273/4.

Одборот за акредитација на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертски комисии и на 13. седница одржана на 29.10.2012 година, врз основа на доставените елаборати и извешти на експертските комисии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски